# ЕКО – КОДЕКС



Будилниците на совеста без престанок ѕвонат:

- ***Немаме резервна планета!***

На оваа единствена Земја живееме и тука треба благопријатно да опстојуваме. Со сите сили да настојуваме да ја вратиме на идните генерации во здрава и функционална состојба.

Будилниците на совеста без престанок ѕвонат:

- ***Да живееме со природата – таа добро ќе ни врати и богато ќе не́ награди!***



- **Заштеди ја водата** особено ако е бистра и чиста таа е дар од Бога. Живот ни дарува, да бидеме здрави...

Само да знаеш! – Милијарда луѓе во светот немаат чиста и питка вода, а 25 000 луѓе во светот умираат секојдневно затоа што пијат загадена вода – а немаат чиста...

- **Користи ја рационално електричната и топлинската енергија** во градинката твоја, уредна и чиста.



На светилките пази, но во мрак не гази.

И не заборавај! – Примарната енергија од Сонцето доаѓа!

- Искористи ја максимално!



- **Разубави ја градинката** – таа е мој дом!

Кога во градинка влегуваш<br>
насекаде со чевли не гази – на хигиената пази!<br>
На околината внимавај<br>
и просторот уреден го чувај!<br>
Се со добро ќе ти врати<br>
и со здравје ќе ти плати.



- **Сочувај го дворот**!

Да бидеме весели, среќни во градините свои<br>
со природните разновидни бои!



- **Здрава храна за детство без мана**!

Зеленчукот и овошјето треба да се мијат, тогаш ги јадеш со сласт па добиваш сила и раст.

Еко одбор<br>
ЈУДОДГ,,Вера Циривири-Трена,, Штип